Универзитетски едукатори за одржлив развој (UE4SD)

UNIVERSITY EDUCATORS FOR SUSTAINABLE DEVELOPMENT

# Соопштение за медиумите: Објавена е нова публикација во која се содржани примери на најдобри европски практики на Образование за одржлив развој (ESD) за професионално усовршување на универзитетски едукатори

23 ноември 2015 година, "La Corrala" – Автономен универзитет од Мадрид, Шпанија

Публикацијата за водечки практики (LPP) е лансирана на годишниот состанок на учесниците во европскиот проект Универзитетски едукатори за одржлив развој (UE4SD), одржан во Центарот за култура „Ла Corrala" на Автономниот универзитет во Мадрид, на 23 ноември 2015 година. Публикацијата е резултат на реализацијата на втората фаза од проектот, насловена „Равојни ресурси". Таа се заснова на знаењата и искуствата на 53 партнери од 33 земји, кои се активни во областа на образованието за одржлив развој (ESD) на европски високообразовни институции. По спроведената фаза на мапирање на полето на ESD на ниво на високо образование во сите инволвирани земји, со посебен акцент на надлежностите на UNECE, публикацијата дава преглед на 13 избрани примери на најдобри практики за професионално усовршување за европски универзитетски едукатори во областа на ESD. Исто така, во неа се разгледани можностите како да се имплементира професионалното усовршување во областа на ESD на ниво на високото образование низ цела Европа, односно овозможени се информации за начините на кои може да се стекне релевантен професионален развој во ESD, како и сето она што е потребно да се преземе на ниво на политика за да се постигне оваа трансформација.

Публикацијата за водечки практики го воведува концептот на професионално усовршување на универзитетски едукатори во областа на ESD, потоа ги опишува клучните методолошки пристапи, ги идентификува процесите и алатките, и на крај презентира примери на најдобри практики од четирите региони во Европа согласно проектот UE4SD – север, југ, исток и запад. Сето ова е направено со цел да се документира веќе постигнатиот напредок. Во рубриката „Научени лекции", публикацијата информира за некои општи принципи и дава приказ на можните начини за професионално усовршување во иднина. Во заклучниот дел на публикацијата дадени се клучните препораки за идниот развој во областа на професионалното усовршување на универзитетските едукатори.

Прегледот на 13 најдобри практики собрани од 10 европски земји, покажува дека веќе постојат одлични можности за универзитетскиот кадар да ги усоврши своите надлежности во областа на образованието за одржлив развој (ESD). Овие примери можат да послужат како модел за развој на нови иницијативи за професионално усовршување во различни културни средини низ цела Европа. Вакви нови иницијативи се потребни бидејќи многу универзитетски едукатори сè уште немаат можности за професионално усовршување во областа на образование за одржлив развој. Во однос на спроведувањето, се чини дека постојните мрежи се добар фактор за поддршка на развојот на успешни иницијативи за професионално усовршување на различни нивоа, од големи меѓународни конзорциуми, до релативно мали институционални мрежи или заедници за учење.

Публикацијата е наменета за сите заинтересирани страни кои се засегнати со образованието за одржлив развој, и посебно со професионалното усовршување на ниво на високото образование. Оттука, таа е важна за секој кој се наоѓа во улога на предавач, секој кој поддржува процеси на учење, или за оној кој е ангажиран во усовршувањето на вработените во високото образование. Таа може да биде од корист особено за креаторите на политики кои на одреден начин се вклучени во системот на високо образование, на пример: одделни министерства чии агенди се поврзани со високото образование и едукацијата за одржлив развој, но и нивните административни канцеларии, потоа креаторите на европски политики, агенции за финансирање, тела за процена (евалуација) на квалитетот, меѓународни организации итн. – со единствена цел да се вклучат принципите на образованието за одржлив развој во механизмите и критериумите за обезбедување квалитет на наставата. Исто така, таа може да биде значајна за оние кои се дел од заедниците на кои системот на високо образование им овозможува одредени услуги - на пример, невладини организации,

професионални тела, заедници на едукатори, деловниот сектор и претприемачите, професионални ментори и тренери. Очекуваните начини на користење на овој ресурс вклучуваат: стратешко одлучување на различни нивоа на водење политики на високо образование, користејќи го како рамка за само-рефлексија и оценка на сопствената работа на едукаторите, при што го помага тимскиот професионален развој на универзитетите, како поддршка и извор на инспирација.

Објавувањето на публикацијата доаѓа како резултат на Проектот UE4SD што е финансиран од страна на Европската комисија – во рамки на Програмата за доживотно учење. Целосната публикација е достапна за преземање тука: http://www.ue4sd.eu/outcomes/111-leading-practice-publication-launched-at-the-ue4sd-annual-conference-in-madrid.

*За повеќе информации во врска со Публикацијата за водечки практики, Ве молиме контактирајте ги одговорните за нејзино уредување, д-р Јана Длоуха или д-р Дана Капитулчинова од Карловиот универзитет во Прага: jana.dlouha@czp.cuni.cz и/или dana.kapitulcinova@czp.cuni.cz.*

*Повеќе информации за проектот UE4SD можат да се добијат од Раководителот, Проф. Даниела Тилбури од Универзитетот во Гибралтар, daniella.tilbury@unigib.edu.gi, координаторот на проектот UE4SD при Универзитетот во Глостершир, ue4sd@glos.ac.uk, и веб страната на проектот UE4SD http://www.ue4sd.eu.*